Архивски знак _____
Рок на чување _____ год.
_____ 20 ___ год.
Потпис _____

Ип. 1 бр. 57-83
Датум: 4.11.2020 г.

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура преку Зоран Маркозанов, виш инспектор со службена легитимација број 24-0002, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор, НУ-Гостиварски театар-Гостивар, со деловно седиште на - Гостивар, со ЕДБ: застапувано од директор и со Записник Ип. 1 бр. 57-83 од 4.11.2020 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 85 т. 1 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), го донесе следново:

Р Е Ш Е Н И Е

1) Се опоменува НУ-Гостиварски театар-Гостивар да достави шестмесечен извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 1.1.2020 - 30.6.2020 година, согласно со обврската од членот 31-б став (1) од Законот за културата.
2))Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 од ова решение изнесува 15 дена од приемот на Решението со опомена.
3)Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 од ова решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

О б р а з л о ж е н и е

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, врз основа на член 68 став (1) и (3) и член 82 став (1) од Законот за културата, преку Зоран Маркозанов, виш инспектор со службена легитимација број 24-0002, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор, НУ-Гостиварски театар-Гостивар, со деловно седиште на -

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

Гостивар, со ЕДБ: и состави Записник Ип. 1 бр. 57-83 од 4.11.2020, во којшто, меѓудругото, е констатирано дека директорот на Театарот нема доставено шестмесечен извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 1.1.2020 - 30.6.2020 година, што е обврска согласно со член 31-б став (1) од Законот за културата. При изрекувањето на инспекциската мерка – опомена за отстранување на утврдената неправилност предвид се земени член 79 став (2) точка 6 и член 83 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ" бр. 102/19).

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:

Против ова решение незадоволната странка може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Решено во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура под број Ип. 1 бр. 57-83 од 4.11.2020 година.

Виш инспектор
со службена легитимација број 24-0002,
Зоран Маркозанов

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk